# Соопштение за нови студиски програми

Почитувани студенти

Оваа година ФИНКИ ги реакредитираше сите свои студиски програми од прв циклус, усогласувајќи ги со Законот за високо образование. Според овој закон, наставните програми имаат најмногу 60% задолжителни предмети, 30% изборни предмети на ниво на факултет и до 10% изборни предмети од Универзитетска листа на слободни изборни предмети. Покрај тоа, сите предметни содржини се осовременити и ажурирани. Бројот на кредити на предметите е воедначен. Унифицирани се и содржините на предметите, така што промената на насока во иднина ќе биде многу поедноставена.

Студентите запишани во прва година оваа учебна година (2013/2014) наставата ќе ја следат по новите наставни планови. Исто така сите студенти кои презапишуваат предмети од прва година, истите ќе ги следат според новите акредитации (предметите во прва година имаат воедначена содржина и променети имиња).

Студентите запишани во учебната 2011/2012 и 2012/2013 имаат можност со потпишување на изјава да се префрлат на новите студиски програми на истите насоки на кои се запишале. При тоа, ќе им биде извршена еквиваленција на предметите согласно следните табели за еквиваленција и забелешките за соодветната студиска програма дадени во продолжение. Им препорачуваме на сите студенти од овие 2 генерации да се префрлат на реакредитираните студиски програми заради сите погодности кои тие ги нудат. При тоа студентите нема да изгубат ниту еден освоен кредит.

Студентите запишани во учебната 2010/2011 или порано, студиите во оваа учебна година ги следат согласно акредитациите кои важеле во времето на запишување. Доколку истите повторуваат одредени предмети, тие ќе ги следат заедно со студентите од следните учебни години според актуелните акредитации (а ќе ги запишуваат согласно нивните оргинални акредитации). На пример, студентите од ИКИ кои презапишуваат Линерарни трансформации, ќе го следат заедно со студентите кои запишуваат Калкулус 3. За останатите еквиваленции погледнете ги табелите на еквиваленции дадени за секоја од студиските програми.

## Студиски програми КНИ, МТ, ЕТ и ИЕ

Множеството на предмети во прва и во втора година е скоро исто, бројот на кредити е идентичен, така што признавањето би одело 1:1.

Табелите за еквиваленција на овие насоки се:

- КНИ
- МТ
- ЕТ
- ИЕ

Можни се одредени промени на семестрите на предметите. За оние предмети за кои семестарот е променет, студентите кои го слушале, а сеуште не го положиле, ќе имаат право да го полагаат испитот во сите сесии се до неговото активирање. На пример, ако одреден предмет минатата учебна година бил во зимски семестар, а сега е преместен во летен, студентите ќе имаат право да го полагаат тој предмет и во јануарскиот испитен рок.

## Студиска програма ИКИ

Табела за еквиваленција

Заради големиот број на кредити на дел од предметите во прва година, доколку се изврши 1:1 признавање на предметите од претходната кон новата акредитација, на студентите кои ги положиле сите предмети од 1 година им се признаваат 9 предмети, односно 54 кредити. Зарад тоа, дополнително ќе се можат да се направат и следните признавања:

- За студентите кои ги имаат положено (или заклучно со јануарската сесија 2014 ќе ги положат) и двата предмети Основи на електротехника 1 и 2, покрај предметите Основи на електротехника и Електротехника и компјутерски науки, дополнително ќе им се признаат и 3 кредити од предметот Дигитална електроника, што практично значи дека ќе треба да го положат само првиот колоквиум на овој предмет. При уписот на предметот Дигитална електроника, овие студенти ќе уплатат само 3 кредити.
- За студентите кои ги имаат положено предметите Математика 1 и Математика 2 (или заклучно со јануарската сесија 2014 ќе ги положат), покрај предметите Калкулус 1 и Калкулус 2, дополнително ќе им се признаат и 3 кредити од предметот Калкулус 3 (Линеарни трансформации). При уписот на предметот Калкулус 3, овие студенти ќе уплатат само 3 кредити.
- На секој студент што има положено само дел од овие предмети, (на пример Математика 1 и ОЕ1), како и на студентите кои сега запишуваат 5. семестар, им се овозможува признавање на вишок кредитите (за примерот вкупно 3) како кредити од вонкурикуларни активности (кои според правилникот на ФИНКИ не смее да надминуваат 6 ЕКТС). При тоа, во оваа сума на кредити ќе се сметаат само кредитите кои остануваат вишок по признавањето на сите предмети според табелите за еквиваленција. На пример, доколку студент има положено Алгоритми и структури на податоци (5,5 кредити) и Линеарни трансформации (7,5 кредити), ќе му бидат признаени предметите Алгоритми и податочни структури (6 кредити), Калкулус 3 (6 кредити), а преостанатиот 1 кредит ќе му се запише како освоен на вонкурикуларни активности.

## Студиска програма ИНФО

Табела за еквиваленција

Заради фактот што предметот Програмски методологии не постои во новите студиски програми, сите студенти кои го имаат положено овој предмет, ќе им

се признае како положен предметот Алгоритми и податочни структури. Доколку пак студентите ги имаат положено и двата предмети, тогаш дополнително ќе им се признае предметот Напредно програмирање како изборен од факултетска листа. Сите студенти кои минатата учебна година го слушале, но не го положиле овој предмет, ќе имаат можност да го полагаат истиот уште 3 сесии (до септември 2014), после што го губат правото да го полагаат предметот и да им се изврши погоре дефинираното признавање. На сите студенти им се овозможува признавање на вишок кредитите како кредити од вонкурикуларни активности (кои според правилникот на ФИНКИ не смее да надминуваат 6 ЕКТС). При тоа, во оваа сума на кредити ќе се сметаат само кредитите кои остануваат вишок по признавањето на сите предмети според табелите за еквиваленција. На пример, доколку студент има положено Интернет програмирање (5,5 кредити) и Дискретна математика (9 кредити), ќе му бидат признаени предметите Интернет програмирање (6 кредити), Дискретна математика 1 (6 кредити), а преостанатите 2,5 кредити ќе му се запишат како освоени на вонкурикуларни активности.

## Студиска програма АСИ

Табела за еквиваленција

Вкупниот број на кредити во прва година е 60, а поголемиот број на кредити на дел од предметите се компензира со помалиот број на други предмети (Англиски и Вовед во ИТ). На сите студенти им се овозможува признавање на вишок кредитите како кредити од вонкурикуларни активности (кои според правилникот на ФИНКИ не смее да надминуваат 6 ЕКТС). При тоа, во оваа сума на кредити ќе се сметаат само кредитите кои остануваат вишок по признавањето на сите предмети според табелите за еквиваленција.

## Студиска програма ИТ

Табела за еквиваленција

Вкупниот број на кредити во прва година е 60, а поголемиот број на кредити на дел од предметите се компензира со помалиот број на други предмети (Англиски и Вовед во ИТ). На сите студенти им се овозможува признавање на вишок кредитите како кредити од вонкурикуларни активности (кои според правилникот на ФИНКИ не смее да надминуваат 6 ЕКТС). При тоа, во оваа сума на кредити ќе се сметаат само кредитите кои остануваат вишок по признавањето на сите предмети според табелите за еквиваленција.

Заради навремено спроведување на префрлањето и упишувањето на новиот семестар, сите студенти кои сакаат да се префрлат треба:

1. Најдоцна до 09.09.2013 година да го пополнат електронскиот прашалник достапен на оваа адреса (СИЦ)
2. При уписот на семестар да пополнат и хартиена изјава дека се согласуваат да се префрлат.